АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5441 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;
2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 до 31 октомври 2016 година;
4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 ноември 2016 година;
5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Десет Дневници на ТВ Канал 5 во 18:30 часот се анализирани во текот на шестиот извештаен период од мониторингот (22 – 31 октомври 2016 година). Станува збор за прилози со вкупна должина од 5 часа 23 минути и 44 секунди, од кои 4 часа 49 минути и 20 секунди се интервјуа, извештаи, вести, изјави, односно информативни жанрови (Табела 1), а 34 минути и 24 секунди се аналитички жанрови (коментар и неговиот

подвид осврт). Телевизијата ја задржува одликата освен за актуелните општествено политички случувања, со акцент на активностите на различни партии и субјекти во контекст на изборите, да информира и за настани од локално значење (од Струмица, Охрид, Вељуса и сл.)

Серијата интервјуа во живо во вестите (без соговорниците на теми од спортот), овојпат ги опфаќа: на 22 октомври разговор за детски претстави со Дејан Дамјановски, режисер во велешки театар (4 минути и 13 секунди); на 23 октомври за реставрацијата на фрескоживописот на црквата Богородица Перивлептос во Охрид се зборува со Тања Паскали Бунташеска, директорка на Завод и музеј Охрид (6 минути и 4 секунди); на 24 октомври има интервју со Сара Кочан, кореографка, за Светското првенство во модерни танци одржано во Австрија и шестото место за македонските деца танчери со Даунов синдром (3 минути и 14 секунди), а за проектот за национално електронско мени, се зборува со м-р Васко Златковски од УГД Штип (трае вкупно 5 минути и 4 секунди со вклучени претходно снимени изјави на темата од Ташко Наков од УГД Штип, проф. Фотис Килипарис од Грција, проф. Бистра Василева од Бугарија и Ивана Кадун Годаш од Хрватска); на 25 октомври, за безбедноста во сообраќајот се разговара со Ристо Манчев од Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот (3 минути и 13 секунди), со д-р Татјана Баевска Вучковиќ, педијатар специјалист во поликлиника Бит Пазар, за вакцината против пневмокок (5 минути и 2 секунди), а со Марко Марковиќ - за освојувањето деветто место на интернационалниот натпревар Мајкрософт офис - овој сегмент од вестите вклучува и претходно снимена изјава од министерката за информатичко општество и администрација Марта Арсовска – Томовска (2 минути и 48 секунди); на 27 октомври, за вакцинирањето против сезонскиот грип се разговара со д-р Лилјана Лазаревска од Центар за јавно здравје Скопје (3 минути и 48 секунди), а потоа има интервју со Дарко Џартовски, организатор на трката „Трк со брк", за Мовембер - месецот за подигнување на свеста за машкото здравје (3 минути и 17 секунди), на 28 октомври, со д-р Жан Митрев се зборува за тоа дека генетските испитувања укажуваат на ризикот на болести (3 минути 36 секунди), во информативната целина (која вкупно трае 7 минути и 43 секунди) е вклучен и прилог со репортажни елементи за тоа како се спроведуваат таквите анализи; на 29 октомври, по повод отворањето на првата сензорна соба за деца со посебни потреби во Охрид, има интервју со Сашо Точков, претседател на Црвен крст Охрид (4 минути и 28 секунди); на 30 октомври, за креирањето битолски фонт инспириран од познатата битолска плоча, стара 1000 години и на која за првпат се сретнува името Битола, се разговара со Ласко Џуровски, типографер и Ангела Христовска, графичка дизајнерка (4 минути и 22 секунди).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ КАНАЛ 5 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:37:13 | 12,86 % |
| СДСМ | 00:36:45 | 12,70 % |
| Без субјекти | 00:04:54 | 1,69 % |
| Локална самоуправа | 00:08:13 | 2,84 % |
| ДИК и други органи | 00:10:19 | 3,57 % |
| Други субјекти | 01:25:12 | 29,45 % |
| Влада на РМ | 00:27:02 | 9,34 % |
| Претседател на РМ | 00:07:04 | 2,44 % |
| Собрание на РМ | 00:01:22 | 0,47 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:08 | 1,08 % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:00:52 | 0,30 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:52 | 0,30 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:52 | 0,30 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:20:34 | 7,11 % |
| Граѓански сектор | 00:07:10 | 2,48 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:51 | 0,64 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:23:00 | 7,95 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:51 | 0,64 | % |
| ГДОМ | 00:04:33 | 1,57 | % |
| Судство | 00:00:58 | 0,33 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:51 | 0,64 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:44 | 1,29 | % |
| | **Вкупно: 04:49:20** | **100** | **%** |

Најголемиот дел од носителите на информациите се методолошки категоризирани како *„други субјекти*". Во ова категорија спаѓаат: Вог, Македонско - бугарска стопанска комора, уметници, режисери, добитници на Наградата 23 Октомври, кореографи, доктори, УГД Штип, Лајонс клуб Лихнидос, Републички Совет за безбедност на сообраќајот и патиштата, Марко Марковиќ, победник на светски "Microsoft Office Specialist" шампионат, ИЗИИС, Драмски театар, МПЦ, Филип Втори, старт-ап компании, Сања Димитриевска национален координатор за борба против трговијата со луѓе, „Трк со брк", Академија на Микросам, Сојуз на синдикати, НЛБ Банка, Стопанска комора на Македонија, историчари, Ласко Џуровски типографер и Ангела Христовска графички дизајнер, Здружение на банкари, НБРМ, Регулаторната комисија за енергетика, Алкалоид, УКИМ и др.

Следуваат, непосредно една зад друга, ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. За нив се известува и преку информативни и преку аналитички жанрови, со тоа што информациите за ветувањата, активностите, меѓусебните критики и обвинувања, реакции и одговори се неутрални. За ВМРО ДПМНЕ има и прилози со позитивен тон (наведени подолу во извештајов). Се среќаваат и информации за неколку други политички партии (ДУИ, ДПА, ГРОМ, СПМ и демократската партија на Србите во Македонија), но во многу помал обем.

Владата е четврта според времето во вестите. За неа, има прилози за редовните активности, за прославата на 23 Октомври, за акциите на МВР, но има и повеќе прилози со позитивен контекст за нејзините политики, резултати, активности. Примери за ваков тип прилози се: на 23 октомври „Поставен камен темелник на бункерот на акцелераторот во ГОБ 8 Септември" (2 минути и 15 секунди); на 26 октомври „Македонија меѓу првите десет земји во светот во Извештајот на Светска банка" (3 минути и 4 секунди); на 27 октомври „Регионалните медиуми за успехот на Македонија - 10-та во светот по леснотијата за водење бизнис" (3 минути и 4 секунди) и „Реконструиран покривот на прилепскиот музеј" (1 минута и 28 секунди); на 28 октомври „60-годишен јубилеј на Сојузот на сметководители" - со обраќање на Емил Димитриев (2 минути и 41 секунда), „Привршуваат градежните работи на автопатската делница Смоквица – Гевгелија" (2 минути и 2 секунди), „Канческа Милевска најави продолжување на санацијата на Старата скопска чаршија" (50 секунди); 29 октомври „Градската болница '8 Септември' доби најсовремен центар за физикална и хидротерапија" (2 минути и 22 секунди); на 30 октомври „Клиника за онкологија доби комплетно нов најсовремен симулатор" (2 минути и 2 секунди); на 31 октомври „Банкарскиот сектор стабилен, банките подготвени да го кредитираат населението и компаниите" (3 минути и 15 секунди), „МФ: Македонија останува меѓу најмалку задолжените земји во Европа" (1 минута и 36 секунди).

Наредни се странските политичари, организации, институции и слично, тогаш кога нивната активност се однесува на Македонија, па органите на државната управа и јавните претпријатија и зад нив Државната изборна комисија.

Локалната самоуправа има помалку од 10 минути, односно неколку прилози кај кои се бележи позитивен контекст: на 22 октомври „Се заокружува изградбата на Булевар Србија" (1 минута и 37 секунди) и „Се забрзува отворањето на индустриската зона Карбинци" (1 минута и 20 секунди); на 28 октомври „Привршуваат градежните работи на автопатската делница Смоквица – Гевгелија" (2 минути и 2 секунди) и „Ќе се гради нов Луна парк во Скопје" (1 минута и 25 секунди).

ТВ Канал 5 донела уредничка одлука во централното дневно-информативно издание да не ја информира својата публика за актуелни настани од интерес за јавноста (на пример, за наводите за сообраќајни прекршоци на дополнителниот заменик - министер за труд и социјална политика Диме Спасов).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ КАНАЛ 5 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:20:55 | 13,49 | % |
| СДСМ | 00:29:49 | 19,23 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:54 | 1,87 | % |
| ДИК и други органи | 00:05:53 | 3,80 | % |
| Други субјекти | 00:45:31 | 29,36 | % |
| Влада на РМ | 00:12:10 | 7,85 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:19 | 0,85 | % |
| ГДОМ | 00:02:30 | 1,61 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:40 | 4,30 | % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:00:28 | 0,30 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:22 | 0,24 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:23 | 0,25 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:12:13 | 7,88 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:07 | 0,72 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:58 | 5,14 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:14 | 2,09 | % |
| Судство | 00:00:33 | 0,35 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:02 | 0,67 | % |
| | **Вкупно: 02:35:01** | **100** | **%** |

Во делот на директните обраќања (Табела 2), најмногу изворно емитувани изјави има на различните субјекти од категоријата *„други субјекти*", потоа на СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, органите на државната управа и јавните претпријатија, како и од претставниците на Владата.

Што се однесува до прилозите со аналитички жанрови, на 22 октомври во коментарот „Јанева тврди - нема непотизам во СЈО" се говори за вработувањето на внукот на Катица Јанева во нејзиниот тим како и за другите вработувања во СЈО. Прилогот содржи нејзина изјава на темата од интервјуто дадено за Топ тема на ТВ Телма, спротивставени гледишта на политичките аналитичари Васко Ефтов и Петар Арсовски, а кон крајот се отвора темата за отстранувањето на едниот извршител на СЈО од УБК и приведувањето на друг, за што има изјава на Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи.

На 23 октомври, во „THE Hill со пофалби за активностите на Груевски и програмата на ВМРО ДПМНЕ" (2 минути и 40 секунди) се пренесува написот на Рејмонд Тантер во американскиот весник, со позитивен тон за ВМРО ДПМНЕ и нејзиниот лидер Никола Груевски.

На 24 октомври се емитува преземениот/симулиран коментар "'Република' го објави планот на СДСМ и СЈО до крајот на изборите" (3 минути и 14 секунди), со негативен тон за СЈО и СДСМ, во чија најава, меѓу другото, се вели: „Како Специјалното обвинителство ќе се вклучи во изборната кампања на страна на СДСМ, со цел сè повеќе да се намали угледот на ВМРО ДПМНЕ? Неделникот Република го објави планот на СДСМ и СЈО до изборите. Дотогаш требало да се отворат 13 до 16 барања за истраги и шест нови обвиненија без никаков основ, и тоа против високи функционери на владејачката партија. Канал 5 се обиде да добие одговори од Специјалното обвинителство дали навистина се подготвува таков план".

На 25 октомври, се пренесува интервјуто на лидерот на ВМРО ДПМНЕ „Груевски за „Forbes“: ВМРО ДПМНЕ ќе победи на изборите!“ (3 минути и 39 секунди), со позитивен тон за партијата и нејзиниот претседател.

Истиот ден, се емитува коментарот „Експертите со ставови во врска со политичкиот план на СЈО и СДСМ (4 минути и 37 секунди) во кој се наведува дека експертите имаат поделени ставови „околу планот за дејствување на СЈО до изборите, кој вчера го објави неделникот Република“. Се пренесуваат ставовите на Тања Каракамишева - Јовановска, според која јавна тајна е што СЈО е во постојана политичка спрега и координација со СДСМ; на Петар Арсовски, според кого тоа не е некаков официјален план туку станува збор за неофицијални информации до кои дошле медиумите и не може да се коментира бидејќи не се знае дали постои; на Иванка Додовска, според која последниот аргумент во рацете на опозицијата и на Зоран Заев е СЈО, параинститут без кредибилитет, со ограничено времетраење; се повторува дел од написот во Република, и се пренесуваат реакцијата на СДСМ, според која Груевски е во паника бидејќи доаѓа време кога треба да одговара; и реакцијата на ВМРО ДПМНЕ, според која Заев е тој што е во паника поради тоа што се ближи 11 декември.

Подоцна во вестите се прави осврт на пишувањата на медиуми (покажан е скриншот од текст на Press 24) за тоа дека „ОЈО отвора постапка за незаконското работење на СЈО“ (1 минута и 19 секунди), со негативен тон за СЈО.

На 27 октомври се прави осврт на рангирањето на Република Македонија на извештајот „Дуинг бизнис“, во „Регионалните медиуми за успехот на Македонија - 10-та во светот по леснотијата за водење бизнис“ (3 минути и 4 секунди). Се емитуваат изјави на Диме Спасов, дополнителен заменик - министер за труд и социјална политика, Александар Ѓорѓиев портпарол на Влада на РМ и на сопственик на старт-ап компанија, како и написи од медиуми од регионот.

На 28 октомври, за распитот на министерката Елизабета Канческа – Милевска пред судот за случајот „Тендери“ се известува преку коментар „Кирацовски ги најави следните чекори на СЈО“ (2 минути и 7 секунди) во кој постои извесна дискрепанција за тоа како се толкува изјавата на Кирацовски во најавата и телопот, наспроти прилогот. Најавата за прилогот гласи: „Се работи за политички театар во корист на СДСМ потпомогнат од СЈО – тоа беше коментарот на министерката Канческа – Милевска по распитот во Кривичниот суд каде одговараше по обвинение од Специјалното обвинителство. Нејзината изјава ја потврди Александар Кирацовски во интервју за 'Фокус'. Тој во интервјуто ги наведе идните планови на СЈО, како и тоа дека СДСМ соработува со судии од Кривичниот суд во Скопје“. Во прилогот, најпрвин се пренесува, потоа и се емитува изјавата на министерката според која станува збор за политички театар на СЈО и СДСМ, по што вниманието се пренесува на интервјуто на дополнителниот заменик - министер во Министерството за информатичко општество и администрација Александар Кирацовски, во делот во кој тој оценува дека притворот за битолскиот градоначалник Владимир Талески е „скромен чин на храброст на еден од судиите, но имам информација дека секојдневно судии се охрабруваат и едвај чекаат одреден предмет против власта да падне во нивни раце. Ве уверувам дека за скоро време сериозни предмети ќе стигнат во рацете на храбри судии кои секојдневно се одважуваат“. Авторката на прилогот го поставува прашањето „дали ваквата изјава на Кирацовски е потврда на тврдењето на експертите дека постои спрега меѓу СЈО и СДСМ?“ по што го пренесува демантот од СЈО за ваквите тврдења.

На 29 октомври се пренесува „Репортажа на Форбс: И покрај политичката криза, Македонија напредува со реформите“ (3 минути и 32 секунди), со позитивен тон за ВМРО ДПМНЕ и нејзиниот претседател Никола Груевски.

На 30 октомври, во „Анализа: каде исчезнаа фантомските гласачи?“ (4 минути и 1 секунда) се прави осврт на прашањето за бројот на гласачи на Избирачкиот список и т.н. „фантомски гласачи“, при што се емитува изјава од Љупка Гугучева од ДИК, која го соопштува бројот на гласачи по изборни единици; потоа од Иво Котевски, портпаролот на ВМРО ДПМНЕ, за тоа дека со ова „се потврдува дезинформацијата“ која СДСМ ја ширела за наводни пола милион фантомски гласачи; по што се емитуваат изјави дадени во изминатиот период од функционери на СДСМ со различни информации околу бројката на непостоечки гласачи во РМ, и

тоа од: Зоран Заев, Александар Кирацовски, Радмила Шеќеринска, Оливер Спасовски. На крајот се пренесува став и од СДСМ од каде велат дека е сторено тоа што требало - бришење на фантомските гласачи.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Интервјуа</u>*

Во емисијата *Во Центар со Васко Ефтов*, емитувана на 23 октомври, остварени се две телевизиски интервјуа, првото со Дејан Лучиќ, писател, репрезент на теории на заговор и Јовица Угриновски, најавен како трет голем мајстор на големата масонска ложа.

На 23 октомври, во 2 часот и 55 минути, емитувано е репризно издание на емисијата *Во Центар со Васко Ефтов*, во кое е дадено интервју со Светозар Радишиќ, полковник во пензија.

На преминот меѓу 28 и 29 октомври, во емисијата *Миленко Неделковски Шоу*, емитувани се неколку изјави од млади луѓе, Французи и едно интервју со гостинот најавен како еден од највлијателните луѓе на политичкото движење „Француска акција", со цел да долови што тие мислат за иднината на Франција, иднината на ЕУ, за Брегзит, за политичката ситуација воопшто и за Шарените револуции во Европа и низ светот. Разговори со некои од овие соговорници се емитувани и во емисијата прикажана на преминот од 21 кон 22 октомври, во која за тема беше избран зборот масовност - она што, како што наведува авторот, претставува најголемиот проблем на Шарените, Соросоидите и на партијата која ги поддржува, СДСМ. Делови од говорот на Неделковски се покриени со високофреквентен тон.

На 30 октомври, премиерно се емитуваше *Во Центар со Васко Ефтов*, на тема, како што самиот автор најави, дали постои концепт, односно дали постои стратегија за свесно или целно атакување на неколку клучни институции кои се столбови или фундаменти на македонизмот во рамки на Република Македонија. На таа тема остварени се интервјуа со Филип Петровски од Државниот архив на РМ, политичкиот аналитичар Алберт Муслиу, историчарот Стефан Влахов Мицов, академик Катица Ќулавкова.

***<u>Други програми</u>***

Во утринската емисија *Здраво Македонијо*, емитувана на 24 октомври, гледачите имаа можност да се јават во студио и да ги изнесат своите ставови и мислења за големината на Денот на македонската револуционерна борба и почитта која треба да ја добива од граѓаните на нашата земја. При тоа да одговорат на прашањата: „Дали се одбележува на вистински начин? Зошто има поделеност околу неговото одбележување, па некои празникот го поврзуваат со владејачката партија, односно дали има политизирање на празникот и зошто тоа се прави?" Во истата емисија, втора тема за телефонски јавувања на гледачи беше – „Дали денес живееме во Македонија за каква се залагале нашите предци?".

Во следното издание на утринската емисија *Здраво Македонијо*, од 25 октомври, како втора беше поставена темата – „Партијата 'Унитети' ќе побара оценка за уставноста на предвремените избори. Дали може да се случи нивно одложување?".

На 26 октомври, во утринската емисија *Здраво Македонијо*, гледачите имаа можност да даваат свои размислувања на темата: „Основното јавно обвинителство преку отворено писмо го искритикува работењето на СЈО. Кој е во право?".

Уште една актуелна тема од политичкиот живот во нашата држава беше поставена на 27 октомври во утринското издание *Здраво Македонијо* – „Дали изборите во декември ќе бидат рекордни досега според бројот на граѓани кои ќе излезат на гласање?".

На 28 октомври во *Здраво Македонијо,* гледачите на ТВ Канал 5 имаа можност преку телефонски отворени линии да коментираат на неколку теми и тоа: „Според најновиот извештај на Светска банка, реномираниот 'Дуинг Бизнис 2017" Македонија се рангира меѓу десетте најдобри економии во светот за водење бизнис.", потоа „ДИК денеска го става на јавен увид избирачкиот список. Дали повеќе нема сомневања за неговата точност?", како и на темите од претходните денови: „Основното јавно обвинителство преку отворено писмо го искритикува работењето на СЈО. Кој е во право? Дали изборите во декември ќе бидат рекордни досега според бројот на граѓани кои ќе излезат на гласање?".

Во понеделникот, на 31 октомври, во утринската емисија *Здраво Македонијо,* гледачите изнесуваа свои ставови, мислења и коментари на темата – „Дали очекувате фер предизборна кампања?".

Сите изданија на *Здраво Македонијо* имаат редовен репризен термин – следниот ден по полноќ.

На 30 октомври, во специјализирана емисија *Бразди,* во рубриката *Агровести,* земјоделците беа информирани дека имаат дополнителен рок за субвенции за нови лозови и овошни насади кој трае до 31 октомври. Субвенциите се од 50% до 75% во зависност од возраста на земјоделецот и местото каде се наоѓаат насадите. Потоа беа известени дека останува уште еден ден за искористување на можноста за поднесување барање за субвенции за земјоделски површини од 10 до 50 хектари. Во емисијата *Бразди,* беше емитуван посебен прилог посветен на пелетите за греење. Новинарот беше во посета на македонска фабрика за производство на пелети и имаше интервју со Игор Митев од Виница, за тоа од што се произведуваат пелетите и кои се предностите од нивната употреба, доколку домаќинствата се одлучат да се греат со пелети.

**Член 75-б од Изборниот законик**

ТВ Канал 5, во периодот од 22 до 31 октомври 2016 година, емитуваше повеќе прилози со позитивен контекст за активностите на власта (опишано погоре во извештајов), а поврзување на власта со политички субјект има во следниве прилози:

***Дневник во 18:30 часот 22.10.2016***

18:42:14 – 18:44:44 „Груевски: ВМРО ДПМНЕ со најава за инвестиции во патната инфраструктура од 400 милиони евра".

***Дневник во 18:30 часот 29.10.2016***

18:51:17 – 18:54:22 „Груевски: ВМРО ДПМНЕ го поздравува рангирањето во DOING BUSINESS" - Обраќање на Груевски. Во неговото второ обраќање нов наслов: „ВМРО ДПМНЕ продолжува со поддршка за проектите за млади".

***Сектор за програмски работи***